**20250841840**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), а во врска со член 42 став 9 точки 1, 2, 3, 4 и 5 и став 10 и член 100 став 5 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22, 64/24 и 37/25) и член 4 став 5 и член 24 став 3 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија“бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 37/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат:

- условите и постапката за отворање и затворање платежни сметки во денари и странски валути, вклучувајќи и платежни сметки со основни функции во денари, од страна на давателите на платежните услуги од членот 9 став 1 точки 1, 2, 3, 5 и 7 од Законот за платежни услуги и платни системи (во натамошниот текст: Законот);
- условите и постапката за извршување платежни трансакции;
- задолжителните елементи и формата на платните налози, вклучувајќи ги и платните налози за присилна наплата, како и формата на изразување согласности за извршување платежни трансакции и овластување за пренесување платежна сметка;
- условите и постапката за исправка на грешка кај платежните трансакции и
- условите за ставање на паричните средства на располагање на примачот.

2. Одделни изрази употребени во оваа одлука го имаат следново значење:

2.1. „Персонализација на платежната картичка“ е снимање на соодветните податоци за овластениот корисник на платежните услуги на платежната картичка;

2.2. „Персонализиран идентификациски број (ПИН)“ е вид на персонализирано безбедносно средство и е најмалку четирицифрен;

2.3. „ББАН“ (англ. BBAN = Basic Bank Account Number) е идентификатор за бројот на платежната сметка, којшто недвосмислено идентификува индивидуална платежна сметка со давателот на платежните услуги во Република Северна Македонија и којашто може да се користи само за национални платежни трансакции, додека истата платежна сметка е идентификувана со ИБАН за прекугранични платежни трансакции;

2.4. „ИБАН“ (англ. IBAN = International Bank Account Number) е идентификатор за бројот на меѓународната платежна сметка, којшто недвосмислено идентификува индивидуална платежна сметка во Република Северна Македонија, чии елементи се специфицирани од Меѓународната организација за стандардизација (ИСО) (англ. the International Organization for Standardization);

2.5. „БИК“ (англ. BIC = Business identificator code) е деловна идентификациска ознака којашто недвосмислено го идентификува давателот на платежните услуги, чии елементи се специфицирани од ИСО;

2.6. „ИСО-стандардот 20022 XML“ е стандард за составување електронски финансиски пораки како што е дефинирано од ИСО, што опфаќа физичко претставување на платежните трансакции во синтаксата на „XML“, во согласност со деловните правила и водичите за спроведување во земјата или на платежните шеми во СЕПА за платежни трансакции кои се регулирани со оваа одлука;

2.7. „Наплата“ е дел од трансакцијата за директно задолжување којашто започнува со нејзино иницирање од страна на примачот сè до нејзиното завршување во облик на вообичаено задолжување на платежната сметка на плаќачот;

2.8. Терминот „микротрговец“ го има значењето дефинирано во Законот за трговски друштва;

2.9. „Референтна договорна страна“ е физичко или правно лице во чиешто име плаќачот го извршува или примачот го прима плаќањето.

2.10. „Платен систем за големи плаќања“ е платен систем чија главна цел е обработка, клиринг или порамнување на поединечни платежни трансакции со висок приоритет и итност и првенствено се однесуваат на големи износи;

2.11. „Платен систем за мали плаќања“ е платен систем чија главна цел е обработка, клиринг и/или порамнување кредитни трансфери или директни задолжувања, коишто главно се групирани за пренос ипрвенствено се однесуваат на мали износи, со низок приоритет и тој не е платен систем за големи плаќања;

2.12. „Прекугранична платежна трансакција“ е платежна трансакција иницирана од страна на плаќачот или примачот каде што давателот на платежни услуги на плаќачот или давателот на платежни услуги на примачот е основан и работи во Република Северна Македонија, а другиот давател на платежни услуги е основан и работи во друга земја различна од Република Северна Македонија;

2.13. „Национална платежна трансакција“ е платежна трансакција иницирана од страна на плаќачот или примачот каде што давателот на платежни услуги на плаќачот и давателот на платежни услуги на примачот или давателот на платежни услуги на плаќачот којшто е давател на платежни услуги и на примачот се основани и работат во Република Северна Македонија;

2.14. „СЕПА“ значи Единствена област за плаќања во евра;

3. Одредбите од оваа одлука се применуваат и на платежните трансакции со кредитни трансфери и директни задолжувања коишто се извршуваат во евра во платежните шеми на СЕПА, освен кога овие платежни трансакции:

- се обработуваат и се порамнуваат преку платните системи за големи плаќања, освен за платежните трансакции со директни задолжувања чиешто извршување преку платен систем за големи плаќања не е изречно побарано одплаќачот;
- се извршени со платежна картичка или друг уред, вклучувајќи ги платежните трансакции за повлекување готовина, освен во случаите кога платежната картичка или друг уред се употребува за добивање информации потребни за иницирање кредитен трансфер или директно задолжување кон или од платежна сметка којашто се идентификува со ББАН или ИБАН;
- се извршени со телекомуникациски, дигитални или информатички уреди, доколку таквите платежни трансакции не доведат до иницирањекредитен трансфер или директно задолжување кон или од платежна сметка којашто се идентификува со ББАН или ИБАН;
- се платежни трансакции на парични дознаки;
- се платежни трансакции со електронски пари, освен ако трансакциите доведат до кредитен трансфер или директно задолжување кон или од платежна сметка којашто се идентификува со ББАН или ИБАН.

Доколку платежните шеми од ставот 1 од оваа точка се засновани на извршување платежни трансакции со кредитни трансфери или на директни задолжувања, но имаат дополнителни карактеристики или услуги, одредбите од оваа одлука се применуваат само на основните кредитни трансфери или директни задолжувања.

## II. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ОТВОРАЊЕ И ЗАТВОРАЊЕ ПЛАТЕЖНИ СМЕТКИ

4. Платежна сметка се отвора и се одржува од давателот на платежните услуги на име на еден или повеќе корисници на платежните услуги и таа се користи за извршување платежни трансакции.

Платежна сметка се отвора по потпишувањето рамковен договор за користење платежни услуги помеѓу давателот на платежните услуги и корисникот на платежните услуги во согласност со одредбите од дел трети, глава III од Законот, Законот за девизно работење, како и одредбите од оваа одлука.

Доколку давателот на платежните услуги одбие да склучи рамковен договор, е должен да ги наведе причините за одбивањето, освен во случаите кога откривањето на причините за одбивањето би било спротивно на целите на националната безбедност, јавниот ред и мир или прописите со кои се уредуваат откривањето и спречувањето перење пари и финансирањето на тероризмот.

### **Информации пред потпишувањето рамковен договор**

5. Пред потпишувањето на рамковниот договор од точка 4 од оваа одлука, давателот на платежните услуги е должен да му ги даде претходните информации на корисникот на платежните услуги, во согласност со одредбите од членот 56 од Законот.

6. Давателот на платежните услуги ги дава претходните информации од точка 5 од оваа одлука, во форма на претходни општи информации и услови за користење на платежните услуги или во вид на нацрт рамковен договор.

Давањето претходни информации од ставот 1 од оваа точка не претставува обврска за склучување рамковен договор помеѓу давателот на платежните услуги и лицето на кого му се дадени информациите.

7. Давателот на платежните услуги е должен во понудата на платежни услуги за потрошувачите да вклучи и отворање платежна сметка со основни функции и да преземе соодветни активности за подигнување на свесноста на јавноста за достапноста на платежните сметки со основни функции.

8. Активностите од точката 7 од оваа одлука особено вклучуваат обезбедување информативен леток за платежната сметка со основни функции и применливите надоместоци за платежните услуги, којшто е достапен во секое време.

9. Информативниот леток треба да биде достапен во хартиена форма во работните простории на давателите на платежните услуги до кои корисниците на платежни услуги имаат пристап и во електронска форма преку интернет-страниците на давателите на платежните услуги.

10. Давателите на платежните услуги може да вклучат дополнителни информации од оние содржани во информативниот леток од точка 8 од оваа одлука, доколку тоа не влијае на јасното и точно презентирање на информациите.

### **Отворање платежна сметка**

11. Давателот на платежните услуги може да отвори платежна сметка на барање на резидент или нерезидент (во натамошниот текст: барател), како и на барање на лицето кое дејствува во негово име и за негова сметка.

По приемот на барањето за отворање платежна сметка од ставот 1 на оваа точка, давателот на платежните услуги задолжително го идентификува и го потврдува идентитетот на барателот, како и на лицето кое дејствува во негово име и за негова сметка, во согласност со Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/22).

12. Барателот којшто има намера да отвори платежна сметка, кон барањето за отворање платежна сметка доставува и примерок од потписите на лицата кои дејствуваат во негово име и за негова сметка, до давателот на платежните услуги, освен доколку давателот на платежните услуги и потрошувачот не договорат поинаков начин на автентикација на лицата кои дејствуваат во негово име и за негова сметка. Потписите на овие лица треба да се депонирани кај давателот на платежните услуги во присуство на службено лице, овластено од давателот на платежните услуги, или да бидат заверени на нотар.

Покрај документите и информациите од ставот 1 на оваа точка, доколку барателот е потрошувач кој поднесува барање за отворање на платежна сметка со основни функции, до давателот на платежните услуги доставува:

- писмена изјава во согласност со членот 72 став 3 од Законот,
- соодветен документ за докажување на законските права во согласност со членот 74 став 4 од Законот, доколку потрошувачот ѝ припаѓа на групата корисници на законски права определени со Законот.

По исклучок на ставот 1 на оваа точка, доколку платежната сметка се отвора преку средства за комуникација на далечина и е достапна само за иницирање електронски платежни трансакции преку средства за комуникација на далечина, барателот не го доставува примерокот од став 1 на оваа точка.

13. Давателите на платежните услуги во согласност со интерните акти може да бараат и други документи за отворање и одржување на платежната сметка, за кое однапред го известуваат барателот кој има намера да отвори сметка.

14.Пред да овозможи извршување платежни трансакции преку отворената платежна сметка на барателот, давателот на платежни услуги е должен да ги достави информациите и податоците за платежната сметка до Единствениот регистар на сметки.

15. Давателот на платежните услуги што ја одржува платежната сметка ги применува промените во документите од точките 11, 12 и 13 од оваа одлука од моментот кога за нив е известен во писмена форма преку писмена или електронска комуникација од страна на корисникот на платежните услуги и/или лицето кое дејствува во негово име и за негова сметка.

16. Давателот на платежните услуги не смее на физичко лице коешто има статус на резидент и има отворено платежна сметка во денари и/или странска валута, во исто време, да му отвори и/или да води платежна сметка во денари и/или странска валута со статус на нерезидент, или обратно. Доколку во согласност со Законот за девизно работење настанат услови за промена на статусот од резидент во нерезидент, или обратно, давателот на платежните услуги е должен да изврши промена на (не)резидентскиот статус на физичкото лице.

17. Давателот на платежните услуги е должен на барање на потрошувачот да ја пренесе неговата платежна сметка кај друг давател на платежните услуги во согласност со постапката за спроведување на услугата за преносливост во согласност со одредбите од дел четврти, глава IV од Законот.

Овластувањето за пренесување платежна сметка може да се даде во писмена форма преку писмена или електронска комуникација во согласност со рамковниот договор за користење платежни услуги склучен помеѓу давателот на платежните услуги и корисникот на платежните услуги.

**Затворање на платежната сметка**

18. Затворањето на платежната сметка се извршува во согласност со одредбите од членот 60 од Законот на писмено барање на корисникот на платежните услуги или од страна на давателот на платежните услуги при раскинување на рамковниот договор во согласност со кој е отворена или во согласност со одредбите од членот 186 од Законот доколку корисникот на платежни услуги престане да постои како правен субјект врз основа на закон, судска одлука или по налог на надлежен орган.

19. По затворањето на платежната сметка, давателот на платежните услуги му ги враќа паричните средства коишто останале на платежната сметка при нејзиното затворање на корисникот на платежните услуги или на правниот следбеник, односно на лицето одредено со закон или друг пропис, во согласност со инструкциите за враќање на паричните средства наведени од негова страна.

Доколку давателот на платежните услуги не добил инструкции за враќање на паричните средства од страна на корисникот на платежните услуги или правниот следбеник, односно лицето одредено со закон или друг пропис, паричните средства ги пренесува на евиденциска сметка со посебна намена и постапува со нив во согласност со членот 60 ставови 8 и 9 од Законот.

20. Давателот на платежните услуги кој претходно иницирал блокирање на платежната сметка на корисник на платежните услуги над кого е отворена стечајна постапка или ликвидација или е бришан правен субјект или правен субјект којшто престанал да постои врз основа на закон, судска одлука или по налог на надлежен орган, заедно со постапката за затворање на платежната сметка, ги известува сите даватели на платежни услуги дека платежните сметки се деблокирани за нивно натамошно постапување.

Доколку на платежните сметки на корисникот на платежните услуги над кого е отворена стечајна постапка или ликвидација постојат блокади коишто се иницирани од давателот на платежните услуги врз кого, по извршената блокада, е започната стечајна постапка или ликвидација, известувањето од став 1 од оваа точка го извршува давателот на платежните услуги кај кого стечајниот управник или ликвидаторот отвора платежна сметка за корисникот на платежните услуги во стечај или ликвидација.

Доколку на платежните сметки на корисникот на платежните услуги којшто е бришан правен субјект или правен субјект којшто престанал да постои врз основа на закон, судска одлука или по налог на надлежен орган, постојат блокади коишто се иницирани од давателот на платежните услуги врз кого, по извршената блокада, е започната стечајна постапка или ликвидација, известувањето од став 1 од оваа точка го извршува давателот на платежните услуги кај кого се отвора платежната сметка на давателот на платежните услуги во стечај или ликвидација.

## III. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАТЕЖНИТЕ ТРАНСАКЦИИ И ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ПЛАТНИТЕ НАЛОЗИ

21. Платежните трансакции преку платежните сметки може да се извршуваат само по налог на имателот на платежната сметка или со негова претходна согласност дадена за целите на извршувањето на платежните трансакции, вклучувајќи ги и платежните трансакции со директно задолжување и/или траен налог, до износот и условите определени од имателот.

По исклучок, одредбите од ставот 1 од оваа точка не се применуваат во случај на присилна наплата според постапката пропишана со одредбите од дел седум, глава III од Законот.

На платежните трансакции со странство, покрај одредбите од оваа одлука се применуваат и одредбите од Законот за девизно работење и подзаконскиот акт на Народната банка со кој се пропишуваат начинот и условите за извршување платежни трансакции со странство.

**Платен налог**

22. Платниот налог може да се даде писмено во хартиена форма или во електронска форма во согласност со рамковниот договор за користење платежни услуги или општата понуда, односно договорот за извршување еднократна платежна трансакција склучен помеѓу давателот на платежните услуги и корисникот на платежните услуги.

Согласно начинот на комуникација уреден со рамковниот договор, давателот на платежни услуги е должен да му даде информации на корисникот на платежни услуги за определениот момент кон крајот на работниот ден како крајно време по кое ќе се смета дека примениот платен налог е примен следниот работен ден на давателот на платежни услуги.

Платните налози се извршуваат во целост и по хронолошки редослед на нивното пристигнување кај давателот на платежните услуги во согласност со условите од дел четврти, глава III од Законот.

**Извршување платни налози**

23. При извршувањето на платниот налог, давателите на платежните услуги се должни да користат технички средства со коишто се обезбедува усогласеност со одредбите од Законот.

При доставувањето на налогот за пренос кон платниот систем за извршување на платниот налог, давателот на платежните услуги ги доставува сите податоци од платниот налог во согласност со правилата на платниот систем.

Валута на платежната трансакција е валутата во којашто плаќачот го иницирал платниот налог или дал согласност за извршување на платежната трансакција.

Сите платежни трансакции, како и известувањата од страна на корисникот на платежните услуги во согласност со членот 85 став 1 точка 3 од Законот, се регистрираат по хронолошки редослед од страна на давателот на платежните услуги така, што се обезбедува безбедно чување и точна репродукција на информациите и се спречуваат какви било понатамошни промени и се чуваат во периодот предвиден во член 127 од Законот.

Доколку платежната сметка на примачот наведена во платниот налог е затворена или не постои, давателот на платежните услуги на примачот го враќа износот на неизвршената платежна трансакција до крајот на следниот работен ден по денот на приемот на паричните средства. За враќањето на износот, давателот на платежните услуги на примачот може да наплати надоместок во висина на вистински направените трошоци.

Давателот на платежните услуги може да одбие извршување платежна трансакција во согласност со прописите, правилата коишто се соодветно применливи за извршување на платежните трансакции и условите од рамковниот договор според кој се одржува платежната сметка.

Во случајот од ставот 6 од оваа точка, давателот на платежни услуги е должен да го извести корисникот на платежни услуги веднаш, а најдоцна во роковите од членот 99 од Законот, онака како што е договорено во согласност со рамковниот договор склучен со корисникот на платежни услуги за одбивањето, за причините за одбивањето и за постапката за исправка на грешките коишто довеле до одбивањето на платниот налог, освен ако давањето на информациите е забрането со закон.

При извршувањето на платниот налог, доколку со правилата на платниот систем преку кој се извршува платежната трансакција е уредено дека давателот на платежните услуги на плаќачот треба да му ја достави соодветната шифра за целта на плаќањето на давателот на платежните услуги на примачот при извршувањето платни налози за кредитни трансфери или парични дознаки, односно на давателот на платежните услуги на плаќачот при извршувањето платни налози за директни задолжувања, давателот на платежните услуги на плаќачот внесува соодветна шифра во своите информациски системи во согласност со ИСО-стандардот „20022 XML".

За платежните трансакции со странство, покрајшифрата за описот на плаќањето во согласност со ИСО-стандардот „20022 XML" од ставот 8 од оваа точка, давателот на платежните услуги внесува соодветна шифра во своите информациски системи за целта на плаќањето уредена со подзаконскиот акт на Народната банка за начинот за извршување платежни трансакции со странство.

**Расположливост на парични средства за извршување платни налози**

24. Платниот налог може да се изврши само до износот расположлив на платежната сметка, до износот на средствата обезбедени од корисникот на платежните услуги за извршување на платежната трансакција или до износот на кредитот, доколку е договорен. Не се дозволени делумни преноси врз основа на поединечни платни налози, освен во случај на платен налог за присилна наплата.

Доколку не се исполнети условите од ставот 1 од оваа точка, давателот на платежните услуги го одбива извршувањето на платниот налог и постапува во согласност со членот 95 од Законот.

**Кредитни трансфери**

25. Кредитен трансфер е платежна услуга со која плаќачот му дава инструкции на давателот на платежните услуги којшто ја одржува неговата платежна сметка за извршување на платежната трансакција или серија платежни трансакции со која се одобрува платежната сметка на примачот.

Плаќачот го пополнува платниот налог за извршување кредитен трансфер со назначување на задолжителните елементи од точката 26 од оваа одлука и е одговорен за настанатите последици од неправилното пополнување.

26. Платниот налог за извршување кредитен трансфер задолжително ги содржи следниве податоци:

- наименување на давателот на платежните услуги до кој е назначен платниот налог;
- наименување на плаќачот;
- број на платежната сметка (ИБАН или ББАН) или друга единствена идентификациска ознака на плаќачот;
- даночен број на плаќачот доколку кредитниот трансфер се извршува во корист на буџетски корисник;
- наименување на примачот;
- број на платежната сметка (ИБАН или ББАН) или друга единствена идентификациска ознака на примачот;
- износ на кредитниот трансфер;
- валута на кредитниот трансфер;
- датум на (валута) извршување;
- опис на плаќањето;
- назив на платниот систем;

- датум на поднесување;
- потпис на плаќачот.

Платниот налог за извршување кредитен трансфер со странство, покрај елементите од став 1 од оваа точка, задолжително ги содржи и следниве елементи:

- идентификациска ознака БИК на давателот на платежните услуги на примачот;
- назначување на корисникот на платежните услуги којшто ги плаќа надоместоците за извршување на кредитниот трансфер;
- назначување на резидентноста на плаќачот;
- назначување на резидентноста на примачот.

Платниот налог за кредитен трансфер, покрај информациите и/или податоците од ставовите 1 и 2 од оваа точка, може да содржи и други информации и/или податоци, вклучувајќи ги целта и шифрата на целта на плаќањето и информациите и/или податоците коишто се неопходни заради усогласеност со подзаконскиот акт на Народната банка за начинот и условите за извршување платежни трансакции со странство и со други прописи.

При електронско иницирање на платниот налог за кредитен трансфер, давателот на платежните услуги на плаќачот, по извршената автентикација на плаќачот, може автоматски да внесе одредени информации и/или податоци од ставовите 1, 2 и 3 од оваа точка, во платниот налог врз основа на нивната расположливост во неговиот информациски систем.

**Платен налог за присилна наплата**

27. Платен налог за присилна наплата може да изготви извршител или друг надлежен орган во согласност со закон и да го достави до давател на платежните услуги, со кој бара извршување на платежна трансакција врз основа на документ за присилна наплата.

Извршителот или друг надлежен орган во согласност со закон го пополнува платниот налог за присилна наплата со назначување на задолжителните елементи од точка 28 на оваа одлука и е одговорен за настанатите последици од неправилното пополнување.

28. Платниот налог за присилна наплата задолжително ги содржи следниве елементи:

- наименување на давателот на платежните услуги до кој е назначен платниот налог;
- наименување на корисникот на платежните услуги - должник;
- наименување на давателот на платежните услуги на извршителот или друг надлежен орган во согласност со закон;
- број на платежната сметка (ИБАН или ББАН) или друга единствена идентификациска ознака на корисникот на платежните услуги - должник;
- наименување на извршителот или друг надлежен орган во согласност со закон;
- број на платежната сметка (ИБАН или ББАН) или друга единствена идентификациска ознака на извршителот или друг надлежен орган во согласност со закон;
- износ на платежната трансакција (главен долг, камата и други надоместоци и трошоци поврзани со извршувањето) ;
- датум на извршување;
- број на документот за присилна наплата;
- датум на поднесување на платниот налог и
- електронски потпис на извршителот или друг надлежен орган во согласност со закон.

**Директни задолжувања**

29. Директно задолжување е платежна услуга со која се задолжува платежната сметка на плаќачот, при што платежната трансакција ја иницира примачот врз основа на согласност изразена од плаќачот.

Пред започнувањето со извршување на директните задолжувања, плаќачот изразува согласност и му дава одобрение на давателот на платежните услуги кој ја води неговата платежна сметка и на примачот, врз основа на што примачот може да иницира наплата на парични средства преку директно задолжување на конкретно наведената платежна сметка на плаќачот.

Плаќачот пополнува согласност за директно задолжување во согласност со барањата од точката 30 од оваа одлука и е одговорен за последиците од неправилно пополнување на согласноста за директно задолжување.

Согласноста за директно задолжување може да се даде писмено во хартиена форма или во електронска форма во согласност со рамковниот договор за користење платежни услуги склучен помеѓу давателот на платежните услуги и корисникот на платежните услуги.

Примачот треба да ги пренесе податоците поврзани со согласноста до својот давател на платежните услуги при секоја наплата при повторливо директно задолжување или при еднократна наплата. Податоците поврзани со согласноста за директно задолжување треба да се пренесат од давателот на платежните услуги на примачот до давателот на платежните услуги на плаќачот како дел од наплатата.

За иницирање директно задолжување, примачот пополнува платен налог за директно задолжување во согласност со барањата во точката 31 од оваа одлука и е одговорен за последиците од неправилно пополнување.

Примачот може да го испрати платниот налог за директно задолжување до давателот на платежните услуги на примачот откако испратил претходно известување до плаќачот.

Давателот на платежните услуги на примачот е должен да го прими платниот налог за директно задолжување и да го достави до давателот на платежните услуги на плаќачот, без обврска да ја проверува оправданоста за користење на директното задолжување.

Пред извршувањето на платниот налог за директно задолжување, давателот на платежните услуги на плаќачот е должен да изврши верификација дали:

- постои претходна согласност за директно задолжување, во согласност со точката 30 од оваа одлука,
- на платежната сметка на плаќачот има доволно расположливи парични средства или е одобрен кредит за извршување на платниот налог за директно задолжување и
- се исполнети условите за извршување на платниот налог за директно задолжување, вклучително и дали се поднесени документите неопходни за негово извршување доколку е претходно договорено нивно доставување.

Платниот налог за директно задолжување се извршува од давателот на платежните услуги на плаќачот во рокот пропишан во членот 99 од Законот, сметано од датумот на којшто се исполнети условите од ставовите 8 и 9 од оваа точка.

Доколку во рок од 5 работни дена од приемот на платниот налог за директно задолжување не се исполнат условите од ставовите 8 и 9 од оваа точка, давателот на платежните услуги на плаќачот го одбива извршувањето на платниот налог за директно задолжување и го известува давателот на платежните услуги на примачот.

Доколку давателот на платежните услуги е примач на паричните средства,може да ја задолжува платежната сметка на плаќачот отворена кај него, за износите коишто имателот на сметката ги должи, врз основа на согласноста. Давателот на платежните услуги го известува имателот за описот на плаќањето, датумот на валутата и износот на паричните средства задолжени од неговата платежна сметка.

## Содржина на согласноста за директно задолжување

30. Согласноста за директно задолжување содржи:

- единствена референтна ознака на согласноста;
- наименување и адреса на давателот на платежните услуги на плаќачот, на кој се дава согласноста;
- наименување на плаќачот;
- број на платежната сметка (ИБАН или ББАН) или друга единствена идентификациска ознака на плаќачот;
- наименување на примачот;
- единствена идентификациска ознака на примачот;
- датум на почеток и престанок на важноста на согласноста;
- условите под коишто е дадена согласноста и
- потпис на плаќачот, место и датум на поднесување на согласноста.

Врз основа на договор меѓу плаќачот и неговиот давател на платежните услуги, согласноста за директно задолжување може да содржи и други информации и/или податоци од наведените во ставот 1 од оваа точка.

## Содржина на платниот налог за директно задолжување

31. Платниот налог за директно задолжување задолжително содржи:

- наименување на давателот на платежните услуги до кој е назначен платниот налог;
- тип на директно задолжување (повторливо, еднократно, прво, последно или отповикување);
- наименување на примачот;
- број на платежната сметка (ИБАН или ББАН) или друга единствена идентификациска ознака на примачот којашто ќе биде одобрена за наплата;
- единствена идентификациска ознака на примачот;
- наименување на плаќачот;
- број на платежната сметка (ИБАН или ББАН) или друга единствена идентификациска ознака на плаќачот којашто ќе биде задолжена за наплата;
- единствена референтна ознака на согласноста;
- датум на поднесување на согласноста;
- износ за наплата;
- валута за наплата;
- датум на поднесувањето на платниот налог;
- датум на валута (извршување);
- опис на плаќањето и
- потпис на примачот.

Платниот налог за директно задолжување, покрај наведените во ставот 1 на оваа точка, може да содржи и други информации и/или податоци, вклучувајќи ги целта и шифрата на целта на плаќањето и информациите и/или податоците коишто се неопходни заради усогласеност со други прописи.

При електронско иницирање на платниот налог за директно задолжување, давателот на платежните услуги на примачот, по извршената автентикација на примачот, може автоматски да внесе одредени информации и/или податоци од ставовите 1 и 2 од оваа точка во платниот налог врз основа на нивната расположливост во неговиот информациски систем.

## Парични дознаки

32. Парична дознака е платежна услуга при која се примаат парични средства од плаќачот, со цел соодветниот износ на парични средства да му се пренесе на примачот или на друг давател на платежните услуги кој дејствува во име и за сметка на примачот и/или при која паричните средства се примаат во име и за сметка на примачот и му се ставаат на негово располагање, без да се отвори платежна сметка во име на плаќачот или на примачот.

## Содржина на платниот налог за парични дознаки

33. Платниот налог за паричната дознака содржи:
- наименување на плаќачот;
- адреса на плаќачот, вклучувајќи ја и државата на плаќачот;
- единствена идентификациска ознака на плаќачот или на неговата платежна сметка;
- наименување на примачот;
- единствена идентификациска ознака на примачот или на неговата платежна сметка;
- износ на платежната трансакција;
- валута на платежната трансакција;
- опис на плаќањето;
- датум на поднесувањето на платниот налог и
- потпис на плаќачот.

Платниот налог за парична дознака, покрај податоците од ставот 1 од оваа точка, може да содржи и други информации и/или податоци, вклучувајќи ги целта и шифрата на целта на плаќањето и информациите и/или податоците коишто се неопходни заради усогласеност со други прописи.

## Платежни картички

34. Платежна картичка е вид персонализиран платен инструмент (дебитна или кредитна картичка) којшто повеќекратно се користи за идентификација на овластениот корисник на платежните услуги, за далечински пристап до платежната сметка и/или до претходно утврдено ограничување договорено помеѓу давателот на платежните услуги и корисникот и со којшто може да се иницираат платежни трансакции и други трансакции како што се промена на ПИН, проверка на состојбата на платежната сметка итн.

Платежната картичка е сопственост на давателот на платежните услуги којшто е издавач на картичката.

Платежната картичка се користи лично и единствено од овластениот корисник на платежните услуги.

Платежната картичка се издава за определен рок на важност. Името на овластениот корисник на платежните услуги, бројот на платежната картичка и датумот на истекување на важноста се отпечатени на лицето на картичката и/или се зачувани на траен медиум. Давателот на платежните услуги којшто е издавач на платежната картичка е одговорен за персонализацијата на картичката.

Давателот на платежните услуги којшто е издавач на платежната картичка му ја издава картичката на овластениот корисник на платежните услуги, во рок не подолг од 28 дена од склучувањето на рамковниот договор за платежните услуги.

Издавањето на платежната картичка се извршува по склучувањето на рамковниот договор за користење платежни услуги помеѓу давателот на платежните услуги и корисникот на платежните услуги, во согласност со одредбите од член 56 од Законот.

**Кориснички сигурносни обележја**

35. Издавачот на картичката обезбедува ПИН за секој овластен корисник на платежните услуги којшто е поврзан со неговата платежна картичка. Издавачот на картичката му доделува ПИН на секој овластен корисник на платежните услуги, обезбедувајќи ја неговата тајност.

Издавачот на платежната картичка е должен да му обезбеди можност на секој овластен корисник на платежните услуги да го промени својот ПИН преку банкомат во земјата со нова четирицифрена комбинација, позната само на корисникот.

За извршување на платежните трансакции со платежни картички преку средствата за комуникација на далечина, давателот на платежните услуги којшто е издавач на платежната картичка е должен да му овозможи на овластениот корисник на платежните услуги и други кориснички сигурносни обележја, различни од ПИН, коишто обезбедуваат исполнување на барањата за засилена автентикација од член 124 од Законот.

**Прифаќање платежни картички и авторизација на трансакциите извршени со нив**

36. Платежните трансакции засновани на платежни картички се авторизираат или се одбиваат откако ќе се проверат податоците, параметрите и карактеристиките поврзани со платежната картичка, овластениот корисник на платежните услуги и платежната трансакција, како што се важноста и статусот на картичката, ПИН или други кориснички сигурносни обележја (доколку се бараат), расположливоста на паричните средства, ограничувањата итн.

Кога авторизацијата се врши онлајн, проверката врз основа на ставот 1 од оваа точка се извршува без одложување од системот за авторизација на давателот на платежните услуги којшто ја издал картичката или од системот којшто го опслужува субјектот што врши процесирање, кон кој преку телекомуникациска врска е поврзан уредот од којшто се извршува платежната трансакција.

Кога авторизацијата не се извршува онлајн, проверката врз основа на ставот 1 од оваа точка се извршува без одложување од уредот, без да се прави проверка од системот за авторизација на давателот на платежните услуги којшто ја издал картичката или од системот којшто го опслужува субјектот што врши процесирање.

Прифаќање на плаќањата и извршување на платежните трансакции со платежни картички може да врши и давател на платежните услуги различен од издавачот на платежната картичка.

Во случај кога уредот е лоциран на место на продажба кај продавач (физичко или виртуелно продажно место), правата и обврските меѓу давателот на платежните услуги и продавачот се уредуваат со договор со кој се обезбедува усогласеност со Законот.

Договорот од ставот 5 од оваа точка го содржи најмалку следново:

- Вид на платежните картички со кои кај продавачот може да се извршуваат платежните трансакции засновани на картичка,
- Важечките процедури и обврските на продавачот при извршување на платежните трансакции засновани на картичка,
- Рокот и начинот на плаќање од давателот на платежните услуги кон продавачот.

**Извршување трансакции со платежни картички со претплата**

37. Платежна картичка со претплата е вид персонализиран платен инструмент на којшто се чуваат електронски пари или којшто обезбедува далечински достап до сметката за електронски пари и со којшто се извршуваат платежни трансакции.

Издавањето на платежни картички со претплата, вклучително и во случаите кога името на овластениот корисник не е испишано на лицето на картичката, се извршува по склучување на рамковен договор во согласност со Законот, во согласност со ограничувањата по трансакции на соодветната картична шема во чии рамки е издадена картичката, Законот и Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам.

Платежните картички со претплата имаат ПИН, а издавачот на платежната картичка со претплата е должен да ги применува одредбите од точката 35 ставови 1 и 2 од оваа одлука. Издавачот на картичката е должен да му овозможи на секој овластен корисник на платежните услуги да го смени својот четирицифрен ПИН со нова цифрена комбинација којашто само тој ја знае.

По исклучок на ставот 3 од оваа точка, платежната картичка којашто може да се користи за извршување на платежните трансакции единствено на виртуелно место на продажба, може да нема ПИН.

За платежните картички со претплата соодветно се применуваат одредбите од точката 34 ставови 2, 3, 4 и 5 од оваа одлука.

**Одбивање за извршување платежна трансакција со платежна картичка**

38. Давателот на платежните услуги којшто врши прифаќање платежни трансакции засновани на картички е должен да го обврзе продавачот којшто е примач на плаќањето да го одбие плаќањето на уред којшто е лоциран на местото на продажба кај продавачот, доколку постои:

- неважечка платежна картичка,
- несовпаѓање на потписот на корисникот на платежната картичка и неговиот потпис на документот за прифаќање на платежната трансакција или на документот за лична идентификација на корисникот или постои недостаток напотпис на корисникот на платежната картичка, доколку тој е потребен за нејзината валидност,
- одбивање од корисникот на платежната картичка да прикаже документ со кој се потврдува неговиот идентитет или доколку продавачот којшто е примач на плаќањето утврди дека неовластено лице ја користи платежната картичка,
- неможност да обезбеди потврда за извршувањето на платежната трансакцијата,
- сомневање за фалсификувана или лажна платежна картичка,
- претходно доставена информација од страна на продавачот дека не прифаќа соодветна платежна картичка во согласност со членот 119 ставови 4 и 5 од Законот и
- други основи коишто не се во спротивност со важечкото законодавство.

Продавачот кој е примач на плаќањето може да ја задржи платежната картичка во име на издавачот во случаите од алинеите 1, 2, 3 и 5 од ставот 1 од оваа точка во согласност со процедурите утврдени со договорот во согласност со точката 36 ставови 5 и 6 од оваа одлука.

## V. СТАВАЊЕ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА РАСПОЛАГАЊЕ НА ПРИМАЧОТ

39. Давателотна платежни услуги е должен да му ги стави паричните средства од платежните трансакции на располагање на примачот во согласност со одредбите од членовите 99 и 100 од Законот.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, давателот на платежните услуги му ги става паричните средства од платежните трансакции со странство на располагање на примачот во согласност со подзаконскиот акт со кој се уредуваат начинот и условите за извршување платежни трансакции со странство.

## VI. ВНЕСУВАЊЕ И ПОВЛЕКУВАЊЕ ГОТОВИНА

### Налози за внесување или повлекување готовина

40. Налогот за внесување готовина на платежната сметка непосредно на шалтерите во работните простории на давателот на платежните услуги задолжително ги содржи следниве податоци:

- наименување на давателот на платежните услуги до кој е назначен налогот;
- наименување на внесувачот на готовината;
- единствен матичен број или друг број за идентификација на внесувачот;
- број на документ за идентификација на внесувачот на готовината;
- наименување на примачот;
- број на платежната сметка (ИБАН или ББАН) или друга единствена идентификациска ознака на примачот;
- износ на готовината којашто се внесува;
- валута на готовината којашто се внесува;
- опис на внесувањето;
- држава на нерезидентот;
- датум на поднесувањето и
- потпис на внесувачот.

Налогот за внесување готовина, покрај податоците и/или информациите од ставот 1 од оваа точка, може да содржи други податоци и/или информации, вклучувајќи ги целта и шифрата на целта на внесувањето готовина и податоци и/или информации коишто се неопходни заради усогласеност со други прописи.

41. Налогот за повлекување готовина од платежната сметка непосредно на шалтерите во работните простории на давателот на платежните услуги задолжително ги содржи следниве податоци:

- наименување на давателот на платежните услуги до кого е назначен налогот;
- наименување на имателот на платежната сметка;
- број на платежната сметка (ИБАН или ББАН) или друга единствена идентификациска ознака на имателот на платежната сметка;
- наименување на примачот на готовината;
- единствен матичен број или друг број за идентификација на примачот на готовината;
- број на документот за идентификација на примачот на готовината;
- износ на готовината којашто се повлекува;
- валута на готовината којашто се повлекува;
- опис на повлекувањето;
- држава на нерезидентот;
- датум на поднесувањето;
- потпис на имателот на платежната сметка и
- потпис на примачот на готовината.

Налогот за повлекување готовина, покрај податоците од ставот 1 од оваа точка, може да содржи други податоци и/или информации, вклучувајќи ги целта и шифрата на целта на повлекувањето готовина и податоци и/или информации коишто се неопходни заради усогласеност со други прописи.

**Внесување готовина во странска валута на платежната сметка на нерезидент**

42. Давателот на платежните услуги овозможува внесување готовина во странска валута на платежните сметки на нерезидент врз основа на платен налог поднесен од нерезидентот. Кога се внесува готовина, во согласност со важечките прописи на Република Северна Македонија, се поднесува и пишана потврда – образец за пријавување готовина во денари и странска валута и физички преносливи средства за плаќање коишто нерезидентите ги внесуваат или ги изнесуваат од Република Северна Македонија, издаден од Царинската управа на Република Северна Македонија.

Потврдата од став 1 на оваа точка може да се употреби повеќепати во рок од пет работни дена. Давателот на платежните услуги го евидентира секое внесување девизна готовина на платежната сметка на нерезидентот, како и на оригиналната потврда и задржува фотокопија од неа во својата евиденција.

За целите на внесувањето на готовината во странска валута на платежната сметка на нерезидентот, потврдата од став 1 на оваа точка важи пет работни дена од датумот на нејзиното издавање.

По исклучок, давателот на платежните услуги овозможува внесување готовина во странска валута на платежните сметки на нерезидентот, без да се поднесе потврдата од став 1 на оваа точка, во следниве случаи:

- во текот на еден месец, најмногу до износот за кој во согласност со прописите при влегувањето во Република Северна Македонија не се издава задолжително писмена потврда,
- доколку паричните средства потекнуваат од непотрошената готовина во странска валута претходно повлечена од неговите платежни сметки, во период од три месеци од денот на повлекувањето или
- доколку паричните средства потекнуваат од продажба на производи на патници во авион. Овие средства може да се внесат на платежната сметка во странска валута од страна на авиокомпанијата нерезидент којашто превезува патници од или во Република Северна Македонија, или од друг нерезидент врз основа на соодветен договор за преземање готовина од оваа авиокомпанија и нејзино внесување на платежната сметка.

43. Давателот на платежните услуги овозможува внесување денарска готовина на платежната сметка на нерезидентот, ако потекнува од:

- продадени сопствени превозни документи од претставништва на странски лица коишто во Република Северна Македонија вршат агенциски работи во воздушниот сообраќај врз основа на склучени меѓудржавни спогодби за редовен воздушен сообраќај,
- непотрошена денарска готовина претходно повлечена од неговите платежни сметки во рок од 3 месеци од денот на повлекувањето,
- продажба на производи на патници во авион. Овие средства може да се внесат на денарската платежна сметка од страна на авиокомпанијата нерезидент којашто превезува патници од или во Република Северна Македонија, или од друг нерезидент врз основа на соодветен договор за преземање готовина од оваа авиокомпанија и нејзино внесување на платежната сметка или
- во текот на еден месец, најмногу до износот за кој во согласност со прописите при влегувањето во Република Северна Македонија е дозволено слободно внесување денарска готовина.

44. Ограничувањата за внесување готовина во денари и странска валута на платежните сметки од точките 42 и 43 од оваа одлука не се однесуваат на дипломатските претставништва на странски земји, претставништвата на меѓународни организации и

нивните законски застапници, како и на странските физички лица идентификувани со документ издаден од Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија.

## VII. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ИСПРАВКА НА ГРЕШКА КАЈ ПЛАТЕЖНИТЕ ТРАНСАКЦИИ ИЗВРШЕНИ СО КОРИСТЕЊЕ КРЕДИТНИ ТРАНСФЕРИ И ДИРЕКТНИ ЗАДОЛЖУВАЊА

45. Во случај на неправилно извршена платежна трансакција, давателот на платежните услуги одговара во согласност со одредбите од дел четврти, глава III од Законот.

46. Во случај на неправилно извршена платежна трансакција, давателот на платежните услуги на плаќачот може од давателот на платежните услуги на примачот да побара по службена должност да направи исправка на грешка (ex-officio исправка на грешка) или давателот на платежните услуги на примачот може на своја иницијатива по службена должност да направи исправка на грешка:

- доколку давателот на платежните услуги на примачот има одобрено платежна сметка со различна идентификациска ознака и/или различен износ од оние што од плаќачот се назначени во платниот налог,
- доколку давателот на платежните услуги на плаќачот има задолжено платежна сметка со различна идентификациска ознака од платежната сметка назначенаод плаќачот во платниот налог,
- доколку давателот на платежните услуги на плаќачот ја има задолжено платежната сметка на плаќачот со износ различен од износот назначен од плаќачот во платниот налог, или
- во случај на извршување на авторизираната платежна трансакција повеќе од еднаш.

47. За извршување исправка на грешката по службена должност, давателот на платежните услуги на плаќачот доставува писмено барање за исправка на грешката кон кое приложува копии од изводот од платежната сметка на плаќачот и соодветниот платен налог, а во случај на директно задолжување и копија од согласноста за директното задолжување.

48. Давателот на платежните услуги на плаќачот има право да побара исправка на грешката по службена должност од давателот на платежните услуги на примачот во рок од 5 работни дена од датумот на кој ја вратил состојбата на задолжената платежна сметка на плаќачот во состојбата во која би била сметката доколку неправилната платежна трансакција воопшто не била извршена, но не подоцна од еден месец откако бил известен од плаќачот или утврдил на друг начин за неправилно извршената платежна трансакција.

49. Доколку давателот на услугите за иницирање плаќања е одговорен во случаите од точката 45 од оваа одлука, тој може да достави барање за исправка на грешката по службена должност до давателот на платежните услуги на примачот, директно или преку давателот на платежните услуги којшто ја одржува платежната сметка на плаќачот, во рокот од точката 48 од оваа одлука.

50. По приемот на барањето од точката 48 или 49 од оваа одлука, давателот на платежните услуги на примачот врши исправка на грешката по службена должност во рок од 5 работни дена од приемот на барањето и постапува на следниов начин:

- Доколку е одобрена платежна сметка со различна идентификациска ознака од онаа што е наведена во копијата од платниот налог доставена од давателот на платежните услуги којшто ја направил грешката, издава платен налог, со истовремено известување на примачот, со кој се задолжува платежната сметка на примачот којашто се води кај него, а се одобрува платежната сметка на плаќачот којшто е назначен како налогодавач на

копијата од платниот налог којшто е доставен со барањето или се одобрува платежната сметка на давателот на платежните услуги којшто ја направил грешката, во согласност со инструкциите дадени во барањето;

- Доколку платежната сметка е одобрена на износ поголем од износот наведен во копијата од платниот налог доставен од давателот на платежните услуги којшто ја направил грешката, издава платен налог, со истовремено известување на примачот, со кој се задолжува платежната сметка на примачот којашто се води кај него, за разликата помеѓу износот наведен во копијата од платниот налог и износот наведен во изводот од платежната сметка на примачот, или целиот износ доколку во барањето од давателот на платежните услуги којашто ја направил грешката е наведено дека повторно е извршен платниот налог на точниот износ, а се одобрува платежната сметка на плаќачот којшто е назначен како налогодавач на копијата од платниот налог којшто е доставен со барањето или се одобрува платежната сметка на давателот на платежните услуги којшто ја направил грешката, во согласност со дадените инструкции во барањето.

51.Давателот на платежните услуги на примачот може да ја задолжи платежната сметка на примачот, доколку на неа има парични средства, до висина на паричните средства што се предмет на исправка на грешката во согласност со точката 47 од оваа одлука, но не подоцна од рокот од точката 48 од оваа одлука. Доколку на последниот работен ден од рокот од точката 48 од оваа одлука нема парични средства на сметката на примачот доволни за исправка на грешката во целосен износ, давателот на платежните услуги на примачот врши исправка на грешката во износот еднаков на состојбата на паричните средства на платежната сметка во тој момент.

52. Доколку на платежната сметка на примачот нема доволно парични средства за нејзино задолжување со целосен износ во согласност со точката 47 од оваа одлука, или, пак, платежната сметка е затворена, давателот на платежните услуги на примачот го известува давателот на платежните услуги којшто ја направил грешката.

53. При извршувањето на исправката на грешката по службена должност, давателите на платежните услуги на плаќачот и на примачот се должни да ги известат плаќачот, односно примачот веднаш, но не подоцна од еден работен ден од денот на извршувањето на исправката на грешката.

54. Исправката на грешката по службена должност може да се изврши независно од важечката законска или подзаконска регулатива или ограничувањата од рамковниот договор доколку примените парични средства како резултат на неправилно извршување на платежната трансакција не му припаѓаат на примачот.

55. За извршување на исправката на грешката по службена должност не се пресметуваат и/или не се наплатуваат надоместоци од корисниците на платежни услуги.

## VIII. ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ СО КРЕДИТНИ ТРАНСФЕРИ И ДИРЕКТНИ ЗАДОЛЖУВАЊА ВО ЕВРА ВО ПЛАТЕЖНИТЕ ШЕМИ НА СЕПА

56. Давателите на платежни услуги ги извршуваат платежните трансакции со кредитни трансфери и директни задолжувања во евра во согласност со следниве барања:

- мораат да користат ИБАН како единствена идентификациска ознака на платежната сметка, конструирана во согласност со прописите во Република Северна Македонија со кои се уредуваат стандардите за конструкција на платежни сметки, без оглед на местоположбата на засегнатите даватели на платежни услуги,

- мораат да применуваат формат на пораки во согласност со „ИСО-стандардот 20022 XML“ кога ги пренесуваат платежните трансакции кон друг давател на платежни услуги или преку платен систем за мали плаќања,

- мораат да обезбедат дека корисниците на платежни услугикористат единствени идентификациски ознаки во согласност со алинеја 1 од оваа точка, независно дали давателот на платежни услуги на плаќачот и давателот на платежни услуги на примачот или кога давателот на платежни услуги на плаќачот којшто е давател на платежни услуги и на примачот се основани и работат во Република Северна Македонија или во друга земја членка на СЕПА и

- мораат да обезбедат дека кога корисникот на платежни услуги, кој не е потрошувач или микротрговец, иницира или прима поединечни кредитни трансфери или поединечни директни задолжувања, коишто не се пренесуваат одделно, туку заедно во пакет, се применува форматот на пораката наведен во алинеја 2 од оваа точка.

Давателот на платежни услуги, на конкретно барање на корисникот на платежни услуги, може да користи формат на пораки од „ИСО-стандард 20022 XML" и во односите со тој корисник на платежни услуги, без да е во спротивност со алинејата 2 од ставот 1 на оваа точка.

Покрај барањата од ставовите 1 и 2 од оваа точка, примачот којшто прима парични средства со кредитни трансфери треба да му ја соопшти на плаќачот идентификациската ознака на својата платежна сметка, како што е определено во ставот 1 алинеја 1 од оваа точка, секојпат кога бара извршување кредитен трансфер.

Давателите на платежни услуги не смеат да бараат од корисниците на платежни услуги да внесуваат БИК на давателот на платежни услуги на плаќачот или БИК на давателот на платежни услуги на примачот.

57. Покрај барањата од точката 56 од оваа одлука, давателите на платежни услуги при извршувањето трансакции со кредитен трансфер и директно задолжување се применуваат следниве технички барања:

- полето со податоци за опис на плаќањето треба да собира 140 знаци. Платежните шеми може да собираат и поголем број знаци, освен ако уредот којшто се користи за испраќање информации има технички ограничувања во врска со бројот на знаци и во тој случај се применува техничката горна граница на уредот;

- описот на плаќањето и другите елементи коишто се доставени во согласност со точките 58 и 59 од оваа одлука треба да бидат пренесени во целост и без измена помеѓу сите даватели на платежни услуги коишто се вклучени во извршувањето на платежната трансакција.

- откако потребните податоци ќе станат достапни во електронска форма, платежните трансакции мора да овозможат целосно автоматизирана електронска обработка во сите фази на процесот низ синџирот на плаќање (директна обработка, англ. end-to-end straight-through processing), за да може целиот процес на плаќање да се спроведе електронски, без потреба од повторно внесување податоци или рачно посредување. Доколку е можно, ова задолжително се однесува и на одделната обработка на трансакциите на кредитниот трансфер и директното задолжување.

- Во платежните шеми не смее да биде определен најнизок праг на износот на платежната трансакција за кредитен трансфер и директно задолжување, но не постои ниту обврска за обработка на платежните трансакции чијшто износ е нула.

- Во платежните шеми нема обврска за извршување кредитни трансфери и директни задолжувања чијшто износ во евра надминува 999.999.999,99.

**Дополнителни барања и услови за кредитни трансфери**

58. Давателите на платежни услуги, почитувајќи ги одредбите од Законот за заштита на личните податоци, ги извршуваат кредитните трансфери според следниве услови:

58.1. Давателот на платежни услуги на плаќачот мора да обезбеди дека плаќачот ги доставил следниве елементи:

- наименување на плаќачот и/или број на платежната сметка (ИБАН);
- износ на кредитниот трансфер;
- број на платежната сметка (ИБАН) на примачот;
- наименување на примачот, доколку е достапно/расположливо;
- опис на плаќањето.

58.2. Давателот на платежни услуги на плаќачот е должен да му ги достави на давателот на платежни услуги на примачот следниве елементи:

- наименување на плаќачот;
- број на платежната сметка (ИБАН) на плаќачот;
- износ на кредитниот трансфер;
- број на платежната сметка (ИБАН) на примачот;
- опис на плаќањето;
- единствена идентификациска ознака на примачот, доколку е применливо;
- наименување на референтната договорна страна на примачот, доколку е применливо;
- цел на кредитниот трансфер, доколку е применливо;
- шифра на целта на кредитниот трансфер, доколку е применливо.

58.3. Покрај елементите од потточка 58.2 од оваа точка, давателот на платежни услуги на плаќачот е должен да му ги достави на давателот на платежни услуги на примачот и следниве елементи:

- БИК на давателот на платежни услуги на плаќачот (доколку давателите на платежни услуги коишто учествуваат во платежната трансакција не се договорат поинаку);
- БИК на давателот на платежни услуги на примачот (доколку давателите на платежни услуги коишто учествуваат во платежната трансакција не се договорат поинаку);
- единствена идентификациска ознака на платежната шема;
- датум на порамнување на кредитниот трансфер;
- референтен број на пораката за кредитен трансфер на давателот на платежни услуги на плаќачот.

58.4. Давателот на платежни услуги на примачот е должен да му ги достави на примачот следниве елементи:

- наименување на плаќачот;
- износ на кредитниот трансфер;
- опис на плаќањето, доколку е применливо.

**Дополнителнибарања и услови за директни задолжувања**

59. Давателите на платежни услуги, почитувајќи ги одредбите од Законот за заштита на личните податоци, ги извршуваат директните задолжувања според следниве услови:

59.1. Давателот на платежни услуги на примачот мора да обезбеди дека примачот при првото директно задолжување, еднократното директно задолжување и со секоја последователна платежна трансакција, ги доставил следниве елементи:

- тип на директното задолжување (повторливо, еднократно, прво, последно или отповикување);
- наименување на примачот;
- број на платежната сметка (ИБАН) на примачот којашто ќе биде одобрена за наплата;
- наименување на плаќачот, доколку е достапен податокот;
- број на платежната сметка (ИБАН) на плаќачот којашто ќе се задолжи заради наплата;
- единствена референтна ознака на согласноста;

- датум на поднесување на согласноста;
- износ за наплата;
- единствена референтна ознака на согласноста, којашто ја доставил изворниот примач на плаќањето којшто ја издал согласноста (доколку согласноста ја презел примач на плаќањето којшто не е примачот на плаќањето којшто ја издал согласноста) ;
- единствена идентификациска ознака на примачот;
- единствена идентификациска ознака на изворниот примач којшто ја издал согласноста (доколку согласноста е преземена од примач којшто не е примачот којшто ја издал согласноста) ;
- опис на плаќањето којшто примачот му го доставува на плаќачот;
- цел на директното задолжување, доколку е применливо;
- шифра на целта на директното задолжување, доколку е применливо.

Давателот на платежни услуги на примачот е должен да обезбеди дека плаќачот му ја дал согласноста за директно задолжување на примачот, како и на давателот на платежни услуги на плаќачот, директно или индиректно преку примачот. Согласностите за директно задолжување, заедно со подоцежните измени или откажувања, се чуваат од страна на примачот или од трета страна во име на примачот, при што давателот на платежни услуги на примачот го информира примачот за наведената обврска во согласност со членовите 56 и 58 од Законот.

59.2. Давателот на платежни услуги на примачот е должен да му ги достави на давателот на платежни услуги на плаќачот следниве елементи:

- БИК на давателот на платежни услуги на примачот (доколку давателите на платежни услуги коишто учествуваат во платежната трансакција не се договорат поинаку);
- БИК на давателот на платежни услуги на плаќачот (доколку давателите на платежни услуги коишто учествуваат во платежната трансакција не се договорат поинаку);
- наименување на референтната договорна страна на плаќачот (доколку постои во согласноста во електронска (дематеријализирана) форма);
- единствена идентификациска ознака на референтната договорна страна на плаќачот (доколку постои во согласноста во електронска (дематеријализирана) форма);
- наименување на референтната договорна страна на примачот (доколку постои во согласноста во електронска (дематеријализирана) форма);
- единствена идентификациска ознака на референтната договорна страна на примачот (доколку постои во согласноста во електронска (дематеријализирана) форма);
- единствена идентификациска ознака на платежната шема;
- датум на порамнување на наплатата;
- референтна ознака за наплатата на давателот на платежни услуги на примачот;
- тип на согласноста;
- типна директното задолжување (повторливо, еднократно, прво, последно или отповикување);
- наименување на примачот на плаќањето;
- број на платежната сметка (ИБАН) на примачот којашто ќе се одобри заради наплата;
- наименување на плаќачот;
- број на платежната сметка (ИБАН) на плаќачот којашто ќе се одобри заради наплата;
- единствена референтна ознака на согласноста;
- датум на поднесување на согласноста;
- износ за наплата;
- единствена референтна ознака на согласноста, којашто ја доставил изворниот примач на плаќањето којшто ја издал согласноста (доколку согласноста ја презел примач на плаќањето којшто не е примачот на плаќањето којшто ја издал согласноста);

- единствена идентификациска ознака на примачот;
- единствена идентификациска ознака на изворниот примач којшто ја издал согласноста (доколку согласноста е преземена од примач којшто не е примачот којшто ја издал согласноста);
- опис на плаќањето којшто примачот му го доставува на плаќачот.

59.3. Давателот на платежни услуги на плаќачот е должен да му ги достави на плаќачот следниве податоци:
- единствена референтна ознака на согласноста;
- единствена идентификациска ознака на примачот;
- наименување на примачот;
- износот за наплата;
- опис на плаќањето, доколку е применливо;
- идентификациски код на платежната шема.

59.4. Плаќачот има право да му даде инструкции на својот давател на платежни услуги:
- да ја ограничи наплатата на директно задолжување на одреден износ или периодичност или да ги направи и двете дејствија;
- кога согласноста според шемата за директни задолжувања не предвидува право на поврат на парични средства, да ја потврди секоја трансакција со директно задолжување и да провери дали износот и периодичноста на поднесената трансакција со директно задолжување се еднакви на износот и периодичноста договорени во согласноста за директно задолжување, пред да ја задолжи платежната сметка на плаќачот, врз основа на информациите доставени во согласноста за директно задолжување;
- да ги блокира сите директни задолжувања на платежната сметка на плаќачот или да ги блокира сите директни задолжувања иницирани од еден или повеќе наведени примачи или да ги одобри директните задолжувања иницирани од еден или повеќе наведени примачи.

59.5. Кога плаќачот и примачот не се потрошувачи, давателите на платежни услуги немаат обврска да ги исполнуваат барањата уредени во потточката 59.4 од оваа одлука.

59.6. Давателот на платежни услуги на плаќачот е должен да го информира плаќачот за правата наведени во потточката 59.4 во согласност со членовите 56 и 58 од Законот.

59.7. При првата платежна трансакција со директно задолжување или еднократна платежна трансакција со директно задолжување и при секоја последователна трансакција со директно задолжување, примачот треба да ги испрати информациите поврзани со согласноста за директно задолжување до неговиот давател на платежни услуги, којшто понатаму треба да ги проследи до давателот на платежни услуги на плаќачот за секоја поединечна платежна трансакција со директно задолжување.

59.8. Пред првата платежна трансакција со директно задолжување, плаќачот е должен да го информира примачот за идентификациската ознака на својата платежната сметка наведена во точката 56 став 1 алинеја 1 од оваа одлука.

59.9. Кога рамковниот договор склучен помеѓу плаќачот и давателот на платежни услуги на плаќачот не дефинира право на поврат на парични средства, давателот на платежни услуги на плаќачот е должен без исклучување на одредбата од потточка 59.1 став 2 од оваа одлука, да ја потврди секоја платежна трансакција со директно задолжување за да провери дали износот на поднесената трансакција за директно задолжување е еднаков на износот и периодичноста договорени во согласноста за директно задолжување пред да се задолжи платежната сметка на плаќачот врз основа на информациите наведени во согласноста за директно задолжување.

59.10.Давателот на платежни услуги на плаќачот и давателот на платежни услуги на примачот не смеат да наплатуваат дополнителни трошоци и надоместоци во процесот на вчитување за автоматски изготвената согласност за платежните трансакции иницирани преку или со посредство на платежна картичка на терминалски уред на местото на продажба, коишто доведуваат до директно задолжување.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

60. Давателите на платежните услуги се должни да се усогласат со одредбите од точките 26, 30, 31, 33, 35 став 2, 40 и 41 од оваа одлука најдоцна до 5 октомври 2025 година.

Одредбите од точката 3 и главата VIII од оваа одлука ќе започнат да се применуваат од 6 октомври 2025 година.

Давателите на платежни услуги од член 9 став 1 точка 1 од Законот за платежни услуги и платни системи се должни да им обезбедат на корисниците на платежни услуги да извршуваат платежни трансакции во евра во платежната шема за кредитни трансфери во СЕПА најдоцна до 31 март 2026 година.

Давателот на платежни услуги на кој за првпат му е издадена дозвола за давање платежни услуги со која ќе може да извршува прекугранични кредитни трансфери во евра е должен да им обезбеди на корисниците на платежни услуги да извршуваат платежни трансакции во евра во платежната шема за кредитни трансфери во СЕПА во рок од две години од денот на добивањето на дозволата за давање платежни услуги.

Одредбите од точките 27 и 28 од оваа одлука ќе започнат да се применуваат на денот на започнувањето со примената на одредбите од дел седми, глава III од Законот.

61. На денот на започнувањето со примената на дел седми, глава II од Законот престанува да важи точката 12 став 2 алинеја 1 од оваа одлука.

62. Гувернерот на Народната банка со упатство ја пропишува хартиената форма на платните налози, согласноста за директно задолжување и овластувањето за пренесување на платежната сметка, листата на шифри за целта на плаќањата, како и содржината на информативниот леток за платежната сметка со основни функции.

63. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за извршување платежни трансакции („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.144/24).

64. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-13636/5
17 април 2025 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.